Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 10-136/3
20.01.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 3 и член 4 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр. 161/2019), член 141 од Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), член 284 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје согласно со добиеното Решение за акредитација на Филозофскиот факултет-Институт за педагогија за вршење на настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка со арх. бр. УП 1 13 – 3295 од 01.11.2021 година, објавува

# К О Н К У Р С

## за запишување на кандидати на Педагошко-психолошка и методска подготовка на Филозофскиот факултет – Институт за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

*ПОЧИТУВАНИ КАНДИДАТИ,*

Во периодот од **1.II 2022 заклучно со 9.II 2022 година** можете да аплицирате за упис на Педагошко-психолошка и методска подготовка. На Педагошко-психолошка и методска подготовка можат да се запишат кандидати кои завршиле соодветни академски студии од прв циклус или VII/1 степен (додипломски) студии на ненаставнички факултети, односно студии (студиски програми) кои немаат наставна насока и се имаат стекнато со најмалку 240 ЕКТС-кредити, а се утврдени со нормативот за наставен кадар во наставната програма, и може да се вработат во основно односно средно училиште. **Кандидатите треба да ги поднесат документите во долунаведениот рок во Одделението за студентски прашања на Филозофскиот факултет од 11 до 15 часот.**

**Кандидатите треба да ги поднесат документите од 1.II 2022 заклучно со 9.II 2022 година.**

**Потребни документи за конкурирање:**

- ✓ Образец за запишување семестар;
- ✓ Доказ за уплатени 50 денари за административна такса;
- ✓ Уверение за дипломирање (фотокопија заверена на нотар);
- ✓ Извод од матична книга на родени (во оргинал, без разлика на датумот на издавање);
- ✓ Уверение за државјанство на РСМ (во оргинал, без разлика на датумот на издавање).

**Уписот на примените кандидати ќе се изврши во период од 16.II 2022 заклучно со 23.II 2022 година и потребно е да доставите:**

- ✓ Индекс и две фотографии;
- ✓ Уплата од 250 евра во денарска противвредност на образец ПП50 на следната жиро сметка на Филозофски факултет: Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет, Банка на примачот: НБ на РСМ, Сметка: **100000000063095**, Сметка на буџетски корисник: **1600104227 788 18**, Приходна шифра**: 723119**, програма: **41**

**Приемот на запишаните кандидати и доделувањето на индекси ќе биде на 28.II 2022 во 16:00 часот во Амфитеатар III на Филозофски факултет.**

Поблиски информации за уписот можете да добите на телефон: **3116-520, лок. 259** и на e-mail: svetlanas@fzf.ukim.edu.mk, а информации за студиските и предметни програми, кандидатите можат да добијат во Библиотеката за педагогија на Филозофскиот факултет, на телефон: **3116-520 лок. 215** и на e-mail: tatjanad@fzf.ukim.edu.mk.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет
______________________
Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Северна Македонија, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ